ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 13/23



26.06.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научна област: „Друго - Безбедност“ (51610 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски универзитет Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европскиот универзитет Скопје, на 219-та седница на Наставно-научниот совет, одржана на ден 17.03.2023 година, донесе одлука за формирање на Рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научна област: „Друго-Безбедност“ (51610 – Фраскатиева класификација), по распишаниот конкурс во весникот “Вечер“ на ден 27.02.2023 година, во состав:

1. проф. д-р Методија Ангелески, претседател;
2. проф. д-р Марјан Богданоски, член;
3. проф. д-р Никола Дујовски, член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно –научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научна област: „Друго-Безбедност“ (51610 – Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика, во предвидениот рок се пријави кандидат доц. д-р Александар Нацев.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-248/1 од 01.03.2023 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област, Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите, доказ за претходен избор во наставно-научно звање и документација за изведување на восокообразовна дејност, Рецензионата комисија го констатира следното:

### 1. Подобност на кандидатот

Кандидатот доц д-р Александар Нацев ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, бидејќи:

- ги исполнува критериумите за избор за наставник во наставно-научно звање
- има стекнато научен степен доктор на науки од наведената област
- има претходен избор во наставно-научно звање
- има објавено научни трудови и публикации соодветно звањето во кое се врши избор
- има способност за изведување на високообразовна дејност.

2. **Биографски податоци за кандидатот**

Од биографијата што е приложена се гледа дека доц д-р Александар Нацев е роден на 16.02.1984 година во Пробиштип, Република Македонија. Основно образование завршува во ОУ„Никола Карев“ во Пробиштип. Средно образование завршува исто така во Пробиштип, во ДСУ „Наум Наумовски-Борче“, природно-математичка насока. Во 2002 година се запишува на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје. За време на студирањето на Воената Академија, во септември 2004 година се запишува како вонреден студент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за англиски јазик и книжевност – преведувачка насока. На 28.07.2006 година ја завршува Воената академија и е промовиран во офицер од родот пешадија. На 16.02.2007 година се запишува на постдипломските студии на Факултетот за безбедност во Скопје, на насоката Безбедност и разузнавање. На 29.04.2009 година го завршува Филолошкиот факултет и се здобива со квалификација дипломиран преведувач по англиски јазик. На 29.05.2009 година ги завршува предвидените испити на постдипломските студии, а на 14.04.2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „Агентурниот метод на разузнавачките служби, со посебен осврт нанеговата примена во работата на ЦИА во периодот 1999-2009 година според анализа на јавни (отворени) извори“ и се стекнува со научно звање магистер на науки од областа на криминалистиката и криминологијата. На 08.06.2016 година успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „Информациите и информирањето како услов за ефикасно планирање во безбедносниот сектор на Република Македонија“ и се стекнува со научно звање доктор на науки од областа на безбедноста.

По завршувањето на Воената Академија, односно од 01.11.2006 година, се вработува во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, на работно место Советник за дисеминација на НАТО класифицирани информации, а подоцна добива и овластување за Инспектор за безбедност на класифицирани информации. Во периодот од 20.01.2015 година до 03.08.2017 година ја извршува функцијата директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Од Октомври 2018 година е вработен на Европскиот Универзитет, а во Ноември 2018 година е избран за декан на Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот Универзитет и сеуште ја извршува таа функција.

Кандидатот има познавања од англиски и германски јазик. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint, и Интернет.

3. **Податоци за наставно-образовна, научно истражувачка и стручно апликативна и организационо-развојна дејност во научното поле на безбедноста**

Во 2018-та година, со Одлука бр. 02-498/1 од 05.09.2018 година е избран во наставно-научно звање доцент на Факултетот за детективи и криминалистика. Во однос на образовната дејност, кандидатот за време на својот ангажман на Факултетот за детективи и криминалистика држи настава по предметите од областа на безбедноста и одбраната. Совесно и квалитетно ги извршува своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава. Има одржано повеќе предавања, како на домашни, така и на меѓународни конференции и работилници кои се однесуваат на современите безбедносни предизвици.

Во 2018та година, со Одлука бр. 02-622/1 од 21.11.2018 година е избран за декан на Факултетот за детективи и криминалистика, со мандат во времетраење од три години. По истекот на првиот мандат, со Одлука бр. 02-1082/1 од 19.11.2021 година е ре-избран за декан на Факултетот за детективи и криминалистика, повторно со мандат во времетраење од три години.

Во однос на резултатите од извршената самоевалуација на Европски универзитет во периодот од 2019та до 2022ра година, по обработката на податоците од извршената анкета за наставниот кадар на Факултетот за детективи и криминалистика, доц д-р Александар Нацев е оценет со просечна оценка 4,83.

Согласно доставената документација, кандидатот активно се бави со научна дејност, што може да се види по објавените учебници и научни трудови на неколку меѓународни конференции.

4. **Список на објавени учебници, научни и стручни трудови**

**Учебници:**

1. Александар Нацев, „**Заштита на класифицирани информации**“, Европски Универзитет, Скопје, 2019;
2. Александар Нацев, „**Безбедносниот систем на Македонија**“, ДАТАПОНС, Скопје, 2022;
3. Александар Нацев, „**Тероризам и асиметрични закани**“, ДАТАПОНС, Скопје, 2022;
4. Александар Нацев, „**Организиран криминал и тероризам**“, ДАТАПОНС, Скопје, 2022.

**Трудови од зборници и научни конференции:**

1. А. Нацев (2018), „**Policies and Procedures for Industrial Security**“, 4та Меѓународна научна и стручна конференција, Институт за корпоративна безбедност, Скопје;
2. А. Нацев, М. Богданоски (2018), „**The use of artificial intelligence in the military domain**“, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност V2N4, Европски Универзитет, Скопје;
3. А. Нацев, Д. Богатинов, Г. Биџовски (2018), „**Споделување информации во**

**безбедносниот сектор“**, Универзитет ЕвроБалкан – Шеста меѓународна научна конференција: "Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа";

4. А. Нацев, М. Богданоски, С. Гелев (2018), **„Етиологија на семејното насилство“**, Универзитет ЕвроБалкан – Шеста меѓународна научна конференција: "Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа";
5. А. Нацев, М. Богданоски (2018), **„Современи фактори на појавата на насилничкиот криминалитет“**, Универзитет ЕвроБалкан – Шеста меѓународна научна конференција: "Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа";
6. А. Нацев (2019), **„Truth is the best medicine - Countering Russian propaganda in Macedonia“**, Per Concordiam V9N2, George C. Marshall European Center for Security Studies;
7. А. Нацев (2019), **„Обработка и анализа на разузнавачки податоци“**, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност V3N5, Европски Универзитет, Скопје;
8. А. Нацев, М. Богданоски (2019), **„Современи аспекти на еколошката безбедност“**, ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност V3N5, Европски Универзитет, Скопје;
9. А. Нацев, М. Богданоски (2019), **„Родово базирано насилство во семејството – Теории и пристапи кон домашното насилство“**, 9$^{та}$ Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје;
10. А. Нацев, Д. Богатинов (2020), **„NATO's Next Strategic Concept – An effective way forward“**, 10$^{та}$ Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје;
11. А. Нацев, Д. Богатинов (2020), **„Security benefits of implementing the HTTPS protocol and review of its use in state institutions websites“**, 10$^{та}$ Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје;
12. А. Нацев, О. Ристески (2021), **„Криминалистичко истражување на компјутерскиот криминалитет“**, 11$^{та}$ Меѓународна научна конференција, Европски Универзитет, Скопје;
13. А. Нацев, Д. Костевска (2021), **„Terrorism as a form of organized crime“**, Vision International Scientific Journal, Volume 6, Issue 2, December 2021;
14. А. Нацев, Д. Костевска (2022), **„Важноста на управување со ризик во корелација со радикализација која води кон насилен екстремизам и тероризам“**, International Journal of Science and arts IDEA Volume 6, Issue 11, December 2021, Европски Универзитет, Скопје;
15. А. Нацев, Л. Перликовски (2022), **„Application of Scenario Method in Political Stability and Security“**, International Journal of Science and arts IDEA Volume 6, Issue 12, Европски Универзитет, Скопје;
16. А. Нацев, М. Трајковска (2022), **„Управување со ризици, закани и катастрофи: со посебен осврт на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување“**, International Journal of Science and arts IDEA Volume 6, Issue 12, Европски Универзитет, Скопје;
17. A. Nacev, D. Kostevska (2022), **„Repatriation of Terrorist Fighters – the Macedonian Experience“**, Journal of Political Theory Political Dialogues 32/2022.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство, резултатите, од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови, јасна е интензивната научна ангажираност на кандидатот. Комисијата констатира дека кандидатот може многу да придонесе и во наставно-научниот процес со систематизирано и методолошко искористување на неговите стручни, практични, теориски и научни познавања, а како потпкрепа на тоа се и евидентите способности и големиот мотив на кандидатот за изведување на високообразовна дејност.

Врз основа на горенаведеното, членовите на Рецензионата комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика, да го избере доц. д-р Александар Нацев за наставник во звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** за наставно-научна област „Друго-Безбедност“ (51610–Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. проф. д-р Методија Ангелески, претседател

   _________________________

2. проф. д-р Марјан Богданоски, член

   _________________________

3. проф. д-р Никола Дујовски, член

   _________________________